Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 02-3025/5
17.11.2021 год.-vit
Скопје-Shkup

Врз основа на член 36 став (1) точка 11, а во врска со член 77-л од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013, 44/2014, 61/2015, 154/2015, 39/2016 и 11/2018), и член 21 став (1) т. 13 од Статутот на Националната установа Национална опера и балет, Управниот одбор на Националната установа Национална опера и балет, на 44-та Седница одржана на 17.11.2021 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА РЕАУДИЦИЈА
## (оценување на ефект)

**Општи одредби**

Член 1

1) Со овој Правилник се прецизира постапката за реаудиција (оценување на ефектот) на уметниците од категоријата А. Постапката за реаудиција се спроведува на секои три години.

2) По исклучок од ставот (1) на овој член, уметниците од категоријата А кои имаат 10 години до остварување на право на пензија ефектот не им се оценува со спроведување на постапка за реаудиција.

Член 2

1) Постапката за реаудиција ја спроведува комисија формирана од директорот на установата, на предлог од уметничкиот раководител на Операта/Балетот, непосредно пред секоја реаудиција.
2) Комисијата е составена од пет члена, од редот на истакнати уметници, од нивото, односно од повисоко ниво од нивото на кандидатот за кој се води постапка за реаудиција.
3) Директорот на предлог на комисијата, утврден во Записникот од спроведена реаудиција, во рок од пет дена донесува решение со кое се утврдува дали уметникот ја положил односно не ја положил реаудицијата од ставот (1) на овој член.

**Оценување на ефектот (реаудиција)**

Член 3

(1) Комисиите вршат реаудиција за оценка на ефектот на уметниците од категорија А, според повеќе критериуми, утврдени во формулари изработени од страна на дирекцијата на Операта/Балетот.
(2) Секоја Комисија може да утврди и дополнителни критериуми, кои ќе ги применува како помошни.

Член 4

Пред почетокот на реаудицијата, на комисијата и се предаваат подготвени формулари, во кои, освен личните податоци на оценуваното лице, се впишуваат податоците за задолжителните критериуми за проверка. Резултатите од проверката на секој критериум, секој член на комисијата ги изразува во оценки од еден до пет за секој давател на услуга посебно. Давателот на услуга ја положува реаудицијата доколку има средна оценка еднаква или повисока од 3. Комисијата со посебен записник ги сумира резултатите.

Член 5

(1) Комисијата за реаудиција го доставува Записникот со резултатите од спроведената реаудиција до директорот за секој давател на услуга одделно, во рок од еден ден, односно првиот работен ден по спроведената реаудиција.
(2) Директорот на предлог на комисијата (Записник од спроведена реаудиција) во рок од пет дена донесува решение со кое се утврдува дали уметникот ја положил односно не ја положил реаудицијата од член 1.

Член 6

1) Уметникот кој ја положил реаудицијата во рок од 30 дена од денот на завршувањето на реаудицијата, со решение се распоредува на истото работно место, односно може да се распореди на повисоко работно место.

2) Уметникот кој не ја положил реаудицијата со решение се распоредува на истото работно место и е должен во рок од шест месеци да полага нова реаудиција. Доколку и по втор пат не ја положи реаудицијата во рок од 30 дена уметникот со решение се распоредува на друго пониско работно место во јавната установа од областа на културата соодветно на неговото образование.

3) Во случајот од ставот 2) на овој член за уметникот кој е распореден на пониско работно место во рок од шест месеци се организира повторна реаудиција.

4) Доколку и по трет пат не ја положи реаудицијата, директорот донесува решение за престанок на работниот однос во јавната установа од областа на културата. Доколку ја положи реаудицијата со решение се распоредува на работното место на кое бил пред полагањето на првата реаудиција.

5) Уметникот во рок од осум дена од денот на приемот на решението од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член има право на приговор до управниот одбор на јавната установа од областа на културата.

6) Управниот одбор одлучува во врска со приговорот во рок од осум дена од денот на приемот на приговорот.

7) Против одлуката на управниот одбор може да се изјави тужба до надлежен суд.

8) Тужбата не го одлага извршувањето.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување на огласната табла на установата.

Претседател на Управен одбор
Александар Трајковски